romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА МЕНТОРИ

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студенти Роми во високото образование и транзиција на пазарот на труд“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студенти Роми во високото образование и транзиција на пазарот на труд“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за МЕНТОРИ кои ќе одржуваат менторски средби со студенти Роми за неформално пренесување на знаење и вештини за образование, работа, кариера или професионален развој, мотивирање и насочување за реализирање на нивте лични, академски и кариерни цели во период од три месеци, преку индивидуален работен план подготвен од страна на менторот и студентот/менторираниот.

## Опис на активноста менторство

Менторството претставува можност за студенти Роми да соработуваат и бидат менторирани од страна на ментор кој ќе ги подучува, насочува, советува, охрабрува, мотивира и го поддржува развојот на нивните знења, вештини и способности за реализирање на нивните лични, академски и кариерни цели за понатамошно продолжување со нивното образование или градење на капацитет за настап на пазарот на труд. Временската рамка за реализирање на менторските средби е три месеци.
Во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студенти Роми во високото образование и транзиција на пазарот на труд“ е предвидено менторирање на студенти Роми за што е потребно ангажирање на вкупно 5 лица (ментори).

## Цели на менторството

- Да им помогне на менторираните да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на студентски лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да ги поттикне менторираните да ги развијат своите вештини и капацитети за надминување на академските предизвици и успешно студирање;

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union

- Да креира култура која го гледа менторството како ефикасен начин за развој на поединецот и можност за негово лично, академско и професионално остварување.
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри, стимулира, менторираните студенти да ги искористат активностите на проектот за градење на капацитети, вештини и знаења за настап на пазарот на труд.

**Работни задачи и надоместок на ментори**

- Да подготви индивидуален работен план во соработка/согласност со менторираниот;
- Да ја следи динамиката на реализација на работниот план, да одржува контакти со менторираниот и да воспостави взаемен однос базиран на доверба и почит;
- Да одржува менторски средби двапати неделно во период од Март 2021 до Мај 2021;
- Да му помогне на менторираниот да ги идентификува своите јаки страни и да го насочи да ги надмине своите слабите страни;
- Да го следи личниот и академскиот развој на менторираниот и да го советува како да се справи со настанатите предизвици;
- Да го мотивира и охрабрува менторираниот да го надоградува своето знаење и да ги зајакнува своите вештини;
- Да дава фидбек на личниот, академскиот и професионалниот развој на менторираниот;
- Да подготвува неделни извештаи за реализираните менторски средби;
- Навремено да ги доставува потребните документи/извештаи до организацијата;
- Да одржува средби со проектен тим;
- Да применува иновативни и креативни техники за реализирање на индивидуалниот работен план.
- Да го запознае менторираниот со мерките за вработување на АВРМ, трендовите на вработување.
- Да го потсетува менторираниот за составување и праќање на извештај за одржаните менторски средби

*** Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на нивните работните задачи во временската рамка за реализирање на менторството, менторите ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 55 евра месечно, во денарска противвредност.

**Кандидати за ментори може да бидат:**

- Да се универзитетски професори/вондредни и професори/доценти/асистенти и сл;
- Да имаат соодветно работно искуство.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

## Потребни Документи за пријавување за ментор

За пријавување за ментор треба да се доставaт следните документи:

- електронска пријава за ментор (ЛИНК);
- документ кој го потврдува степенот на завршено образование;
- кратка биографија.

## Начин на пријавување за ментор

- Потребните документи да се испратат на е-маил адресата: ferik.sulejmanov@romaversitas.org.mk со назнака **пријавување за ментор TER-MAC-03**

## Краен рок за пријавување

**Краен рок за пријавување на повикот за ментори е 15.04.2021 година!**

## Селекција на кандидати

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union